**ИЗВЕШТАЈ ЗА МИО АКТИВНОСТ ООУ„ПЕТАР ПОП АРСОВ“ СО ООУ „ТЕФЕЈЈУЗ“ 11.11.2023**

По повод роденденот на Општина Карпош на 11.11.2023(петок) се одржа „Цветно дефиле “на кое покрај дечиња од сите градинки и училишта од општината учество зедоа и нашите ученици од IV одд. и гостите IV и V одд. од партнер училиштето од проектот МИО „Тефејјуз“ од Општина Чаир предводени од координаторката на училиштето Јелиз Ахмет. Ова беше добар мотив за дружење и забава на учениците од двете училишта. Главно обележје на прославата како и секоја година се детето и цвеќето па по тој повод освен што наши ученици имаа танцувачка точка тие носеа пароли декорирани со цвеќе, цветни венчиња и крунички на главите , брошеви со цветни елементи и сл. На дефилето од нашето училиште беа учениците и наставничките од IV одд. Директорката на нашето училиште Даниела Штерјова, Наташа Пејчиќ со своите ученици, Силвана Крстевска како дел од СИТ тимот на МИО и јас Гордана Мисајловска како координатор на МИО.

Покрај убаво декорираната цветна парола со име на училиштето гостите ученици од „Тефејјуз“ носеа бели маички со цветен дезен(виолетов цвет) .

После завршување на „Цветното дефиле“ сите ученици се вратија во своите училишта да ги споделат импресиите со другите другарчиња од училиштата .

















**Скопје-Карпош**

**11.11.2023**

**Координатор на МИО -одд.наставник:**

**Гордана Мисајловска**